Врз основа на член 8 став 5 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04; 89/08; 116/10 и 51/11), министерот за култура донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА БИБЛИОТЕКА И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Образецот на барање за почеток со работа на библиотека и формата и содржината на Образецот на барање за донесување на решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотеката, заради недонесување на решение во рокот утврден во член 8 став 3 од Законот за библиотеките.

**Член 2**

Барањето за почеток со работа на библиотека се поднесува на Образец: „Барање за почеток со работа на библиотека“, на хартија со бела боја на А4 формат, даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

- примател на барањето - Министерство за култура;
- наслов: „Барање за почеток со работа на библиотека“;
- податоци за поднесителот на барањето (целосен назив на поднесителот на барањето, адреса и податоци за контакт);
- придружни документи (во копија заверена на нотар или во оргинал):
- доказ дека се обезбедени основни средства за почеток со работа;
- доказ дека се обезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста;
- елаборат за основање на библиотеката;
- доказ дека се обезбедени соодветни простории и опрема за чување и користење на библиотечен фонд;
- доказ дека е обезбеден библиотечен материјал;
- доказ дека има вработено соодветен стручен кадар;
- одлука на основачот за основање на библиотеката и решение издадено од Централниот регистар на Република Македонија или Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни;
- образложение на барањето;
- датум и место;
- потпис на поднесител на барањето.

**Член 3**

Барањето за донесување на решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотека, заради недонесување на решение во рокот утврден во член 8 став 3 од Законот за библиотеките, се поднесува на Образец: „Барање за донесување на решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотека“, на хартија со бела боја на А4 формат, даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

- примател на барањето - писарницата на министерот за култура;

- наслов: „Барање за донесување на решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотека“;
- податоци за поднесителот на барањето;
- целосен назив на поднесителот на барањето;
- податоци за овластеното лице (име и презиме, функција/звање);
- адреса;
- податоци за контакт;
- краток опис на барањето;
- датум и место;
- потпис на поднесителот на барањето.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. _________________

_______________година

**Министер,**

**м-р Елизабета Канческа Милевска**